**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Мартин Оџаклиески<br>3 145 413 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Мај 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата** (забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои се главните проблеми?

Со донесувањето на Законот за постапување со бесправно изградени објекти се воспостави правна рамка за спроведување на постапка за утврдување на правен статус на бесправните градби. Во законот се дефинираат видовите на бесправни градби кои ќе бидат предмет на истиот, документацијата која треба да се достави со барањето за утврдување на правен статус, надлежните органи за спроведување на постапката, начинот на спроведување на постапката, надоместокот за интеграција на бесправните градби и начинот на утврдување на истиот, роковите и условите за утврдување на правен статус, жалбената постапка и видот на прекршоци за одговорните и службените лица.

Во текот на примената на овој закон се утврди дека одредени прашања се недоволно регуирани поради што е потребно да се изврши дополнување и допрецизирање на истиот.

### 2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со предлог законот се вршат измени и дополнувања на Законот за постапување со бесправно изградени објекти чија цел е поефикасно спроведување на постапките предвидени со овој закон а како резултат на искуството од неговата досегашна примена.

### 3.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Во процесот на проценка на влијанието на регулативата беа вклучени надлежните државни органи, Заедницата на единиците на локалнате самоуправа и имателите на бесправни објекти (правни и физички лица). Исто така, беа организирани јавни расправи по Предлог законот.

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

   Нема достапни информации.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Нема дополнителни информации.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**
   Иницијална.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**
   Не.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

**В. Временска рамка**

1. **Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

   Активностите започнаа  во месец ноември 2011 година.

2. **Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

   Не се планира вклучување на надворешни консултанти.

3. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**

   Во март 2012  година

**Г. Ресурси**

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Претставници од Министерството за транспорт и врски и од Заедницата на единиците на локална самоуправа.